ОПШТИНА КАРПОШ
Одделение за поддршка и организација на работата на Советот

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК
## од педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 Јули 2024 година (Понеделник)

Педесеттата  седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 01 јули 2024 година (понеделник), со почеток во 09.35 часот, во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот претседателот утврди дека на седницата присуствуваат 23 члена на Советот, според што Советот може да работи и полноважно да одлучува.

Присутни членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Роберт Вељановски, Марјан Стефановски, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветановска, Христо Саракинов, Давор Грче, Александар Илиески, Виолета Куновска, Јахји Мемедов, Владимир Бислимовски, Александра Антевска, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Наталија Спировска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски и Невена Георгиевска и Татјана Стојановска

Членот на Советот Роберт Вељановски зема збор се обрати на присутните ги информира дека на ден 26 јуни 2024 година, со Решение на министер бил избран за вршител на должност, должноста ја превземал на 27.06.2024 година како директор на Националната установа “Драмски Театар” Скопје, а на 28.06.2024 год испратил допис до ДКСК за понатамошни насоки за дејствување, според правниците немало никаков конфликт на интереси доколку е вршител на должност и советник во Општината, ги информира дека е поднесено барање по кое што тие ќе се произнесат и  ќе постапи согласно нивните насоки.

Седницата ја отвори претседателот на Советот Бранко Ристов.

На 50-тата седница на Советот присуствуваа раководителите на секторите и одделенијата во Општината, со цел истите да ги појаснат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Претседателот истакна дека комисиите како помошни тела на Советот одржале седници, ги разгледале предложените точки од дневниот ред за педесеттата седница и нагласи дека во текот на седницата претседателите на комисиите ќе го известат Советот за работата на истите.

На 50-тата седница присуствуваше и Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

Претседателот Бранко Ристов ги извести советниците дека ја повлекува точка 19 поради немање доволно информации ниту CV за предложенито член на училишниот одбор.

**19. Предлог - Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште "Братство", Општина Карпош- Скопје**

Членот на Советот Татјана Стојановска зема збор со предлог точка на дневен ред.

-Предлог – Одлука за поништување на одлуката на Совет на Општина Карпош бр.09-573/13 од 30.01.2029 година објавена во службен гласник бр.2 од 2019 година.

Оваа точка ја предлага бидејќи смета дека е спротивна на законот за слободен пристап за информации од јавен карактер.

Збор зема Градоначалникот посочи дека секоја одлука која била донесена на Совет и била објавена во Службен гласник кој подлежел на опсервација од надлежните инспекторати за локална самоуправа и управна постапка и доколку сметаат дека Одлуката е спротивна на закон да отворат постапка пред надлежните државни институции и доколку тие кажат дека не е правилна тогаш ќе се постапи според нивните насоки.
Членот на Советот Стојановска зема збор според законот за управна постапка истото може да биде и укинато и не гледа причина дали да се проверува и дали е законски или не било законски.

Членот на Советот Невена Георгиевска зема збор и се обрати дека секој советник според деловникот има право да поднесе точка на дневен ред, кој сметаат дека не е согласно законот Одлуката која што била донесена на седница.

Членот на Советот Дејан Лазаревски зема збор со 2 предлог точки на дневен ред

1.Предлог – Одлука за еднократна парична помош на ФК “Карев” за одржување на турнир на терените на Локомотива.

2.Предлог Одлука за поништување на правилник за еднократна финансиска поддршка за спортисти и рекреација и правилник за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош.

Членот на Советот Марјан Стефановски зема збор со предлог точка на дневен ред.

-Предлог – Одлука за доделување на термини и ослободување од плаќање за користење на спортска сала во ООУ “Христијан Тодоровски Карпош” за учебната 2024/2025 год.

Збор зема Градоначалникот посочи дека треба да се види дали има термини во тој период смета дека не било во ред некои клубови да плаќаат и да им се дава приоритет бидејќи имало клубови кои со години плаќале за користење простор во спортските сали.

Членот на Советот Марјан Стефановски со предлог точката да гласи Предлог - Одлука за доделување на термини за користење на спортска сала во ООУ “Христијан Тодоровски Карпош” за учебаната 2024/2025

Претседателот отвори расправа за да се повлече 19 точка од дневниот ред

**19. Предлог - Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште “Братство”, Општина Карпош- Скопје**

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, повлечена е 19 точка од дневниот ред

Претседателот отвори расправа за да се додаде точка 33 во дневниот ред предложена од членот на Советот Татјана Стојановска

-Предлог – Одлука за поништување на одлуката на Совет на Општина Карпош бр.09-573/13 од 30.01.2029 година објавена во службен гласник бр.2 од 2019 година.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека, со 8 гласови ЗА, 9 ПРОТИВ и 3 ВОЗДРЖАНИ**, овој предлог не доби доволен број на гласови

Претседателот отвори расправа за да се додаде точка 33 во дневниот ред предложена од Дејан Лазаревски

1 **Предлог – Одлука за еднократна парична помош на фк "Карев" за одржување на турнир на терените на Локомотива**

**По спроведеното гласање беше констатирано дека, со 18 гласови ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ,** се додава како точка 33 во дневниот ред

Претседателот отвори расправа за да се додаде точка 34 во дневниот ред предложена од членот на Советот Дејан Лазаревски

**34.Предлог Одлука за поништување на правилник за еднократна финансиска поддршка за спортисти и рекреација и правилник за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош**

**По спроведеното гласање беше констатирано дека, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, се додава како точка 34 во дневниот ред Предлог-Одлука за поништување на правилник за еднократна финансиска поддршка за спортисти и рекреација и правилник за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош

Претседателот отвори расправа за да се додаде точка 35 во дневниот ред предложена од членот на Советот Марјан Стефановски

**35.Предлог – Одлука за доделување на термини за користење на спортска сала ООУ "Христијан Тодоровски Карпош" за учебната 2024/2025**

**По спроведеното гласање беше констатирано дека, со 12 гласови ЗА, 5 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ**, се додава како точка 35 во дневниот ред Одлука за доделување на термини за користење на спортска сала ООУ "Христијан Тодоровски Карпош" за учебната 2024/2025

Претседателот го стави на гласање изменетиот Дневен ред за работа на 50- тата седница на Советот на Општина Карпош:

**По спроведеното гласање беше констатирано дека, со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 ВОЗДРЖАНИ**, е усвоен изменетиот дневен ред за 50 седница.

За седницата се предлага следниот

ДНЕВЕН РЕД

- Предлог -Записник од 38та (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош

- Предлог -Записник од 39та седница на Советот на Општина Карпош

- Предлог -Записник од 40та седница на Советот на Општина Карпош

1. **Предлог - Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 2.520а од ДУП Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански одреди, корито на река Вардар, бул. Македонија и ул. Московска донесен со Одлука бр. 08-8826/6 од 03.12.2015 година.**
2. **Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 2.2.19 од ДУП Момин Поток (Одлука бр. 07-249/1 од 17.05.2005 година)**
3. **Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 9.21 од ДУП за Градска Четврт ЦС 15 – Криви Дол, донесен со Одлука бр. 07-9210/2 од 30.12.2014 година, (Извод бр. 47-1161/2 од 08.02.2024 година).**

4. Предлог - Програма за урбанистичко планирање за 2024 година.
5. Предлог - Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година
6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2024 година
7. Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво и услуги БАХАШ КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје на Основен проект за дел од улица „Е“ од крстосница со улица „3“ до свртница – слеп завршеток со должина L=255м1
8. Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво и услуги БАХАШ КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје на Основен проект за дел од улица „3“ од крстосница Новопланирана собирна улица „15“ до крстосница со улица „Е“ со должина L=360м1
9. Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво и услуги БАХАШ КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје на Проектна документација за фекална канализација со должина L=1100м1
10. Предлог - Едногодишен краток Акционен план за 2024 година за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2
11. Предлог – Одлука за изработка на Локален Еколошки Акционен План - ЛЕАП 3 на Општина Карпош за периодот 2025-2030 година
12. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на буџетот
13. Предлог-Одлука за измена на буџетот
14. Предлог-Одлука за наградување на професори-тренери и индивудуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2024
15. Предлог-Одлука за наградување на вработени од општинската администрација на Општина Карпош, членови на синдикатот за постигнат успех, севкупен победник, кои учествуваа на 29-те синдикални спортски игри во Охрид од 06 – 09.06.2024 година во Охрид во организација на УПОЗ
16. Предлог-Одлука за наградување на службеници од Полициска станица од општа надлежност Карпош

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

17. Предлог - Одлука за поставување на спомен обележје (табла - плоча) на Сојуз на Борци на Општина Карпош-Скопје.
18. Предлог - Одлука за формирање Комисија за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот.
19. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на 1 септември -Денот на првачињата од општинските основни училишта во Општина Карпош за учебната 2024/2025 година
20. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства за МИО (меѓуетничка интеграција на младите во образованието)
21. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства награди за полуматуранти – првенци на генерација за учебна 2023/2024 година општинските основни училишта на Општина Карпош
22. Предлог-Одлука за начинот и условите за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните општински училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2024/2025 год.
23. Предлог - Одлука на Влада на РСМ за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари во ООУ "Владо Тасевски", Општина Карпош - Скопје
24. Предлог - Одлука на Влада на РСМ за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари во ООУ „Петар Поп Арсов", Општина Карпош –Скопје
25. Предлог - Одлука за давање согласност за отстапување на користење на движна ствар – патничко моторно возило во сопственост на Општина Карпош на ЈУОДГ "Пролет", Општина Карпош - Скопје.
26. Предлог-Решение за формирање Комисија за стручна проценка и мислење по доставена понуда за купување серијал на цртежи (во оригинал) за животот на народниот херој Христијан Тодоровски Карпош во Општина Карпош - Скопје
27. Предлог - Решение за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на приватната градинка „Спирит Веселата дружина", Општина Карпош - Скопје

28. Предлог - Одлука за еднократна финансиска поддршка за организирање на најголемиот натпревар во спортско качување „Атомска Мравка”.
29. Предлог-Заклучок за усвојување извештај од теренската проценка во основните училишта на територија на Општина Карпош
30. Предлог-Заклучок за усвојување извештај од теренската проценка **во градинките на територија на Општина Карпош**
31. Предлог – Заклучок за усвојување на информација од презентација на „Студија за урбаната дендрофлора во Општина Карпош – состојба во 2023 година“
32. Предлог – Заклучок за усвојување на информација од презентација на „Физибилити студија за формирање на општинско јавно-приватно партнерство, јавно претпријатие или трговско друштво за производство и дистрибуција на електрична енергија од фотоволтаични системи во Општина Карпош“
33. 
34. Одлука за поништување на правилник за еднократна финансиска поддршка за спортисти и рекреација и правилник за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош
35. Одлука за доделување на термини за користење на спортска сала ООУ “Христијан Тодоровски Карпош” за учебната 2024/2025

Претседателот пред да помине на работниот дел од дневниот ред отвори расправа по записникот од 38 (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош.

Збор зема Членот на Советот Роберт Вељановски стојат при ставот дека нема да ги гласаат записници се додека не се признаат 3 седници кои што биле одржани.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 38 (вонредна) седница за работа Советот на Општина Карпош:

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 12 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 ВОЗДРЖАНИ,** е усвоен записникот од 38 (вонредна) седница.

Претседателот отвори расправа по записникот од 39 седница на Советот на Општина Карпош.

Збор зема Благица Цветановска стои при ставот дека нема да ги гласа записници ќе гласа против 39 записник бидејќи не било образложено што се говорело на седницата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 39 седница за работа Советот на Општина Карпош:

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 12 гласови ЗА, 2 ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ,** е усвоен записникот од 39 седница.

Претседателот отвори расправа по записникот од 40седница на Советот на Општина Карпош

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 40 седница за работа Советот на Општина Карпош:

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 ВОЗДРЖАНИ,** е усвоен записникот од 40 седница.

Претседателот на Советот помина на расправа по точките од усвоениот дневен ред.

**1. ТОЧКА Предлог - Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 2.520а од ДУП Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански одреди, корито на река Вардар, бул. Македонија и ул. Московска донесен со Одлука бр. 08-8826/6 од 03.12.2015 година.**

Претседателот отвори расправа по точката.

Членот на советот Славко Митевски зема збор бара објаснување од службите зошто се зголемува површина на локацијата и површината на објектот.

Збор зема Гордана Силјановска од секторот урбанизам техничката исправка е од ДУП Градска четврт 3 03 2015 година во текстуалниот дел површината на парцела е 380-м2 додека со геодетскиот елаборат 390 км2 процентот, коефициентот и површината за градба не се менуваат во конкретниот случај.
Градоначалникот предложи измена на точката делот каде што парцелата се усогласува за тој дел да се гласа.
Членот на Советот зема збор Роберт Вељановски има дилема поради тоа што советот 2 пати носи програма за урбанистичко планирање за 2024 година дали воопшто може да се гласа за оваа точка кога не е донесена програма.
Гордана Силјановска образложи Техничките грешки не се влезени во програмата
Бранко потврди дека има усвоена програма за урбанистичко планирање за 2024 година.

Бидејќи никој друг не се јави за збор по Предлог - Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 2.520а од ДУП Градска четврт 3 03, опфат помеѓу бул. Партизански одреди, корито на река Вардар, бул. Македонија и ул. Московска донесен со Одлука бр. 08-8826/6 од 03.12.2015 година, претседателот ја затвори расправата и на гласање ја стави точката

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 13 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ, ВОЗДРЖАН нема**, е усвоена Одлуката за донесување на Техничка исправка за ГП 2.520а од ДУП Градска четврт 3 03, опфат помеѓу бул. Партизански одреди, корито на река Вардар, бул. Македонија и ул. Московска донесен со Одлука бр. 08-8826/6 од 03.12.2015 година.

**2. ТОЧКА - Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 2.2.19 од ДУП Момин Поток (Одлука бр. 07-249/1 од 17.05.2005 година)**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Претседателот отвори расправа

Бидејќи никој не се јави за збор по точката, Претседателот ја затвори расправата и на гласање ја стави Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 2.2.19 од ДУП Момин Поток (Одлука бр. 07-249/1 од 17.05.2005 година)

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 13 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 ВОЗДРЖАНИ**, е усвоена Одлуката за донесување на Техничка исправка за ГП 2.2.19 од ДУП Момин Поток (Одлука бр. 07-249/1 од 17.05.2005 година)

**3. ТОЧКА - Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 9.21 од ДУП за Градска Четврт ЦС 15 – Криви Дол, донесен со Одлука бр. 07-9210/2 од 30.12.2014 година, (Извод бр. 47-1161/2 од 08.02.2024 година).**

Претседателот отвори расправа.

Збор зема членот на Советот Невена Георгиевска бара објаснување зошто повторно се става оваа техничка грешка на  седница на Совет која што била изгласана.
Збор зема Гордана Силјановска оваа техничка грешка повторно е  на седница иницијаторите кога почнале да градат во површината на градбата увиделе дека таа изнесува 198 км2, наместо 147км2 со тоа се зголемувале параметрите.

Бидејќи никој не се јави за збор по Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 9.21 од ДУП за Градска Четврт ЦС 15 – Криви Дол, донесен со Одлука бр. 07-9210/2 од 30.12.2014 година, (Извод бр. 47-1161/2 од 08.02.2024 година).претседателот ја затвори расправата и на гласање ја стави Предлог-Одлуката.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 9 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ и 2 гласови ВОЗДРЖАНИ**, не е усвоена Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 9.21 од ДУП за Градска Четврт ЦС 15 – Криви Дол, донесен со Одлука бр. 07-9210/2 од 30.12.2014 година, (Извод бр. 47-1161/2 од 08.02.2024 година).

Претседателот предложи пауза од 15 мин

По паузата се продолжи со работа на седницата

**4 ТОЧКА - Предлог - Програма за урбанистичко планирање за 2024 година.**

Претседателот отвори расправа.

Збор зема членот на Советот Адријана Панчевска Јакимовска на 28. 12.2023 год била донесена програма за урбанистичко планирање програма е со 2 детални урбанистички планови, а во февруари се предлага нова програма за урбанистичко планирање со сите урбанистички планови активни во Општина Карпош таа програма не се изгласала, согласно член 40 од законот за урбанистичко планирање програмата се носи до 31 декември во тековната година за наредната година и дали тоа значело дека 6 месеци немало програма за урбанистичко планирање со овој предлог во конфликт се датумите и завршната со јули 2024 год, која ќе се применува од јануари 2024 дали станувало збор за техничка грешка бидејќи не може да важи програмата последна активна за 2023 год на 26. 12.2022 год таа е во законски предвидениот рок.
Збор зема Градоначалникот ако сметате дека е проблем што гласи 31.12 нека гласи со денот на носење на одлуката.
Збор зема членот на Советот Невена Георгиевска како се работело без програма за урбанизам зошто програмата за урбанистичко планирање не била објавена во службен гласник на второто гласање програмата за урбанистичко планирање за 2024 година. Зошто се поставени закони што се работени по стари закони со стари дупови не треба да важат според законот тој јасно кажува дупови кои се работени по стар закон до кога им била важноста.
Збор зема Гордана Силјановска оваа точка била дополна на програмата. Во однос на автентичното толкување на 1 април во службен весник и членот 93 е толкуван и е јавно достапен.
Цитира:
Започнатите постапки за започнување како и донесените постапки за изменување и дополнување на урбанистичките планови за кои е одобрена

планска програма до денот на започнување на примена на овој закон ќе продолжат согласно одредбите на законите според кој се започнати и ќе бидат завршени во рок од 4 год.
Роберт Вељановски инсистира согласно вистинските термини советот на 28.12.2023 год донел план за урбанистичко планирање и програма со 2 дупови, а на 3 јануари е објавено дека таа одлука се поништува, а на 28 јануари имало обид да се донесе програма.
Градоначалник им се обрати на советници со што се разликува Општина Карпош од било која друга општина што се правело спротивно во било која друга општина ова ќе се одрази врз наредниот мандат.
Се разви дискусија помеѓу членовите на советот Славко Митевски, Невена Георгиевска, Градоначалник итн.

Претседателот најави пауза од 15 мин

По паузата се продолжи со седницата.

Бидејќи никој не се јави за збор по Предлог - Програма за урбанистичко планирање за 2024 година, претседателот ја затвори расправата и истата ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 11 гласа ЗА, 5 гласа ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН,** не е усвоена Предлог - Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година.

**5 ТОЧКА - Предлог - Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година**

Претседателот отвори расправа.

Збор зема членот на Советот Ивана Петковска нејзината политичка партија ќе гласа против оваа точка причината е идеолошка, левичарска и во интерес на граѓаните односно земјиштето што е во сопственост на државата на РМ со него не треба да располагаат индивидуалци за личен профит односно со него треба да располагаат само граѓаните на РМ и тие да одлучуваат.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска со став дека е против оваа точка бидејќи имало парцели во Бардовци кои што биле на државно земјиште, посочи дека тоа било плодно земјиште тоес (земјоделско земјиште) смета дека биле исти. Се сметало за градежен реон со извод од план и кога се носел ГУП граѓаните ја менувале културата на парцелата.
Збор зема градоначалникот во програмата има и експропријација не може да се направи ако не помине како точка. Ако има потреба да се пробие улица не може тоа да се направи ако не се изгласа оваа програма. Градоначалникот предложи измена во програмата во делот за парцелите во Нерези и Бардовци тие да не се продаваат.

Бидејќи никој друг не се јави за збор по Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година, претседателот ја затвори расправата и истата ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 11 гласови ЗА, 3 гласови ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН**, не е усвоена Предлог-Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година.

**6. ТОЧКА - Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2024 година**

Претседателот Ристов го повика претседателот на комисијата за комунални дејности и сообраќај да даде извештај за работата на комисијата

Стефановски посочи дека седницата на Комисијата за комунални дејности и сообраќај била одржана на 28.06.2024 година со почеток во 11:30 часот, извести

интегрално за сите точки кои се разгледувале, и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот отвори расправа.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска бара појаснување околу програмите за Предлог - Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година и  Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2024 година.

Збор зема Лазе Здравев од одделението за располагање со градежно земјиште на РСМ на подрачјето на општина Карпош да појасни околу програмата дека комунални дејности и сообраќај не се исти  тие се различни програми експропријација се случува на предлог на  програмата за комунални дејности и сообраќај кои  доставуваат предлог до одделението за недвижен имот и експропријација преку кои се изготвува целата документација и се доставува предлог до министерството за финансии  до подрачната единица за имотно правни работи од причина тоа што нема изгласано годишна програма. Согласно член 99 и член 101 од закон за градежно земјиште не може да располага, нема ингеренции да отуѓува земјиште по пат на непосредна спогодба, јавно надавање или да врши експропријација во случај ако стигне предлог за експропријација не може да се постапува.

Бидејќи никој не се јави за збор по Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2024 година, претседателот ја затвори расправата и истата ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН**, е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2024 година

Претседателот Ристов го повика претседателот на комисијата за јавни дејности да даде извештај за работата на комисијата.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Вељановски посочи дека седницата на Комисијата за јавни дејности била одржана на 27.06.2024 година со почеток во 12:30 часот, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале, и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

**7. ТОЧКА - Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво и услуги БАХАШ КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје на Основен проект за дел од улица „Е“ од крстосница со улица „3“ до свртница – слеп завршеток со должина L=255м1**

**Претседателот отвори расправа.**

Бидејќи никој не се јави за збор по Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво и услуги БАХАШ КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје на Основен проект за дел од улица „Е“ од крстосница со улица „3“ до свртница – слеп завршеток со должина L=255м1, претседателот ја затвори расправата и истата ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 13 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ**, е усвоена Одлуката за прифаќање на донација од Друштво за градежништво и услуги БАХАШ КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје на Основен проект за дел од улица „Е“ од крстосница со улица „3“ до свртница – слеп завршеток со должина L=255м1

**8 ТОЧКА - Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво и услуги БАХАШ КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје на Основен проект за дел од улица „3“ од крстосница Новопланирана собирна улица „15“ до крстосница со улица „Е“ со должина L=360м1**

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор по Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво и услуги БАХАШ КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје на Основен проект за дел од улица „3“ од крстосница Новопланирана собирна улица „15“ до крстосница со улица „Е“ со должина L=360м1, претседателот ја затвори расправата и истата ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 12 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН**, е усвоена Одлуката за прифаќање на донација од Друштво за градежништво и услуги БАХАШ КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје на Основен проект за дел од улица „3“ од крстосница Новопланирана собирна улица „15“ до крстосница со улица „Е“ со должина L=360м1

